CamScanner



СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.12-2776/4
Дата. 11-09-2026

**Одговор на претставка во вска со незаконски ископ на песок во местото викано Винце, Горно Коњари, општина Петровец од страна на фирмата „Фасбау" од општина Куманово, а поднесена од страна на Стојан Илиев, Трајче Николов и Васе Тренчев**

До Министерството за животна средина и просторно планирање е проследена претставка од страна на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија со арх.бр.12-2776/1 од 18.08.2026 година чиј подносител е група граѓани (Стојан Илиев, Трајче Николов и Васе Тренчев) во вска со незаконски ископ на песок во местото викано Винце, Горно Коњари, општина Петровец од страна на фирмата „Фасбау" од општина Куманово.
Секторот за правни и општи работи-Одделение за постапување по претставки и предлози на министерството достави барање на мислење до Државниот инспекторат за животна средина со арх.бр.12-2776/2 од 24.08.2026 година по основ на погореобразложената предметна претставка.
Вишиот водостопански инспектор, Виолета А.Ѓорѓиева се произнесе со Известување арх.бр.31-662/4 од 02.09.2026 година, со следниот исход од постапувањето:

- на погоренаведените локации ангажирани се инспектори за заедничко постапување на ден 24.08.2026 година, при што за извршениот увид на фактичката состојба составен е Записник со арх.бр.31ИП-830. За посетената локација на дел од КП 3540/1 КО Студена Бара која се води за работење на правниот субјект Друштво за градежништво, трговија и услуги „Бислим Мак" ДООЕЛ Скопје, констатирано е дека субјектот поседува Дозвола за користење на вода под бр.11-4406/25 од 24.10.2025 година и Дозвола за испуштање во водите под бр.11-4407/25 од 30.01.2026 година, издадена од страна на Управата за животна средина-Министерство за животна средина и просторно планирање.

  За посетната локација на дел од КП 3188 КО Студена Бара, правниот субјект Друштво за трговија, производство и услуги „Пандиловски тим" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово поседува Дозвола за користење на вода под бр.УП1-11/5-1704/2024 од 07.07.2025 година издадена од Управата за животна средина-Министерство за животна средина и просторно планирање.


Министерство за животна срединаи просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Активностите на инсталацијат за сепарирање на природен материјал се вршат по претходно добиена Б-интегрирана еколошка дозвола, односно Елаборат кој го одобрува општината на чија територија е лоцирана истата, а за поставената инсталација дали е поднесено барање и дали инсталацијата има одобрена техничка документација, поведување на инспекциска постапка согласно член 201 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) е во надлежност на овластениот инспектор на општина Куманово.

Имајќи го предвид претходнообразложеното предметната претставка е од општинска надлежност.

По овластување на министер

Раководител на Сектор за правни и општи работи
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:**Советник,
Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањеиРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk